**Република Македонија**
**Универзитет Св.Кирил и Методиј во Скопје**
**Факултет за музичка уметност - Скопје**

---

# П Р Е Д Л О Г - П Р О Е К Т
# ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА СТУДИСКА ПРОГРАМА
# ЗА БАЛЕТСКА ПЕДАГОГИЈА
# НА ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ НА УНИВЕРЗИТЕТ
# „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ,
# ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ - СКОПЈЕ

С К О П Ј Е , ноември 2012

## СТУДИСКА ПРОГРАМА ЗА БАЛЕТСКА ПЕДАГОГИЈА

| *I СЕМЕСТАР* | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1. ЗАДОЛЖИТЕЛЕН НАСТАВЕН ПРЕДМЕТ** | | | | | |
| **Назив** | **Код** | **Статус** | **Неделен фонд** | **Број на кредити** | **Вид на настава** |
| Балетска педагогија | 2Б101 | су | 2+0 | 20 | Индивидуална |
| **2. ЕДЕН ПРЕДМЕТ ОД ЛИСТАТА НА ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ НА ФМУ** | | | | | |
| Методологија на научното истражување | 2И304 | оо | 2+0 | 5 | Групна |
| Музичка литература на XX век | 2И308 | су | 2+0 | 5 | Групна |
| Елитна и масовна култура | КСИ 011 | оо | 2+0 | 5 | Групна |
| **3. ЕДЕН ПРЕДМЕТ ОД УНИВЕРЗИТЕТСКА ЛИСТА НА СЛОБОДНИ ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ ЗА ВТОР ЦИКЛУС НА СТУДИИ** | | | | | |
| Еден предмет по избор на студентот | | | | 5 | |

| *II СЕМЕСТАР* |
|---|
| **ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД – 30 КРЕДИТИ** |

**ИЗБОРНИ НАСТАВНИ ПРЕДМЕТИ НА ВТОРИОТ ЦИКЛУС СТУДИИ НА ФМУ**

**ЗА УНИВЕРЗИТЕТСКАТА ЛИСТА НА СЛОБОДНИ ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ НА ВТОРИОТ ЦИКЛУС НА СТУДИИ**

| | **Назив** | **Код** | **Статус** | **Неделен фонд** | **Број на кредити** | **Вид на настава** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Оркестар (по избор на наставникот) | 2И301 | су | 2 + 0 | 5 | Колективна |
| 2. | Биг бенд (по избор на наставникот) | 2И302 | су | 2 + 0 | 5 | Групна |
| 3. | Камерна музика (по избор на наставникот) | 2И305 | су | 2 + 0 | 5 | Групна |
| 4. | Хорско пеење (по избор на наставникот) | 2И303 | су | 2 + 0 | 5 | Групна |
| 5. | Вокално студио (по избор на наставникот) | 2И306 | су | 2 + 0 | 5 | Групна |
| 6. | Музичка литература на XX век | 2И308 | су | 2 + 0 | 5 | Групна |
| 7. | Ансамбл – практика (по избор на наставникот) | 2И307 | су | 2 + 0 | 5 | Групна |

**ПРАВИЛА ЗА СТУДИРАЊЕ**
**за студиската програма за балетска педагогија на вториот циклус академски студии на Факултетот за музичка уметност - Скопје**

I.Предмет на уредување

Член 1

Предмет на уредување се правилата за студирање на студиската програма за балетска педагогија на вториот циклус академски студии на Факултетот за музичка уметност – Скопје (во понатамошниот текст – Факултетот).

Правилата за студирање се уредени согласно Законот за високото образование и Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус универзитетски студии на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје.

II. Услови за запишување

Член 2

На студиските програми од втор циклус академски студии може да се запише лице кое има завршено соодветни студии од прв циклус.

Соодветноста на студиите од претходниот став на овој член ја утврдува Наставно-научниот уметнички совет на Факултетот.

Кандидатите кои немаат завршено соодветни студии полагаат контролен испит. Содржината, условите и начинот на полагање на контролниот испит ги утврдува Наставно-научнито уметнички колегиум за втор циклус студии (во понатамошниот текст – колегиумот).

III. Траење на студиите

Член 3

Студиите траат два семестри, од кои еден семестар за настава и еден за изработка на магистерскиот труд.

IV. Кредити

Член 4

Со студиските програми се утврдува бројот на кредити за секој одделен наставен предмет, во зависност од вкупното време потребно за негово успешно совладување.

Кредити можат да се доделуваат и за вонnаставни активности на студентот. Пред почетокот на секоја учебна година со одлука на Наставно-научниот и уметнички совет на факултетот се утврдуваат начинот и условите за доделување кредити за вонnаставните активности на студентот.

Член 5

Кредитите се освојуваат со успешно совладување на наставниот предмет, врз основа на критериумите утврдени со предметните програми.

Кредитите за вонnаставните активности ги доделува факултетскиот координатор за Кредит-трансфер системот.

V.Статус на наставните предмети

Член 6

Во зависност од степенот на обврзноста, наставните предмети се задолжителни или изборни.

Член 7

Студентот е должен да ги запише и успешно да ги совлада задолжителните наставни предмети.

Член 8

Изборните наставни предмети студентот ги запишува во зависност од сопствените желби и од сопствениот план за напредување во студиите.

Член 9

Студентот е должен успешно да ги совлада запишаните изборни наставни предмети.

Член 10

Пред почетокот на секоја учебна година, Наставно-научниот и уметнички совет со одлука ги утврдува начинот и условите за запишување на изборните наставни предмети.

Член 11

Задолжителните и изборните наставни предмети се утврдуваат со студиските програми.

VI.Проверка на знаењата и оценување

Член 12

Знаењата на студентот се проверуваат преку завршна проверка на знаења.
Со предметните програми може да се утврди кредитите за одделни наставни предмети да се освојуваат и без проверка на знаења.

Член 13

Знаењата се оценуваат описно (со "положил" или "не положил"), или квантитативно со нумеричка оцена од 5 (пет) до 10 (десет), во зависност од карактерот на наставниот предмет. Со оцената 5 (пет) се оценува студентот кој не го совладал успешно наставниот предмет.

Член 14

Елементите од кои зависи успешното совладување на наставниот предмет, условите за пристапување на проверка на знаења, испитните барања, формите и начинот на проверка на знаењата и на оценувањето се утврдуваат со предметните програми.
Студентот се стекнува со право да ги полага испитите по заверувањето на првиот семестар.
Студентот е должен успешно да ги совлада наставните предмети од првиот семестар во јануарскиот испитен рок (ако се запишал на студии во летниот уписен рок), односно во мајско-јунскиот испитен рок (ако се запишал на студии во зимскиот уписен рок).
Студентот кој не совладал успешно наставен предмет од првиот семестар во роковите утврдени во став 3 од овој член, должен е тој наставен предмет да го презапише во наредниот семестар и повторно да ја следи наставата со покривање на трошоците.
Висината на трошоците за повторно следење на наставата се утврдува со одлука на Деканатската управа.

Член 15

Со пријавата за полагање испит по наставниот предмет балетска педагогија, студентите доставуваат 4 примероци од елаборатот за научно-истражувачкиот проект.
Трудовите се доставуваат и во дигитален формат.

Член 16

Основниот текст на елаборатот за научно-истражувачкиот проект за полагање на испитот по балетска педагогија се изработува компјутерски, и не смее да биде пократок од 10 страници, со 28 реда по страница, со фонт со големина-12 и 70 карактери во ред.
Податоците за користената литература и прилозите не се дел од основниот текст.

Списокот на користената литература мора да содржи најмалку 5 наслови на книги и најмалку 5 наслови на други теориски трудови.

Член 17

Испитите по наставните предмети се полагаат пред предметниот наставник или пред комисија.
Со предметните програми се утврдува дали испитот се полага пред предметен наставник или пред комисија.
Комисијата ја сочинуваат три наставници.
Комисиите ги формира раководителот на колегиумот.

Член 18

Со предметните програми поподробно се утврдуваат видовите на проверка на знаењето, начинот на полагање на испитите и начинот на оценувањето на проверката на знаењата по одделни наставни предмети.

VII.Пријавување, подготвување и одбрана на магистерскиот труд

Член 19

Пријава за изработување на магистерски труд студентот поднесува до наставно-научниот уметнички совет по претходно дадено позитивно мислење на колегиумот.
Пријавата за изработување на магистерскиот труд ја потпишуваат менторот и раководителот на колегиумот.
Студентот се стекнува со право да пријави изработка на магистерски труд по успешното совладување на наставните предмети предвидени со студиската програма.

Член 20

Пријавата за изработување магистерски труд содржи: наслов на темата, образложение за научната, уметничката и стручната оправданост на темата, план за работа и преглед на литература.
Насловот на темата, односно програмата за изработка на магистерскиот труд ја потврдува наставно-научниот уметнички совет.

Член 21

По завршувањето на менторската фаза, односно по изработката на трудот, студентите доставуваат пет примероци од магистерскиот труд со барање да им се формира комисија за одбрана.
По образложен предлог на менторот за завршена менторска фаза, наставно-научниот уметнички совет формира комисија за оцена на магистерскиот труд од три члена, во рок од 45 дена од денот на доставувањето на трудот.
Комисијата од претходниот став на овој член изготвува извештај во кој дава оцена и образложение на трудот, најдоцна во рок од 3 месеци од денот на предавањето на трудот.
По усвојувањето на извештајот, наставно-научниот уметнички совет формира комисија за одбрана и го определува денот на одбраната, во рок од 15 дена од прифаќањето на извештајот.

Член 22

Основниот текст на магистерскиот труд се изработува компјутерски, и не смее да биде подолг од 50 страници, со 28 реда по страница, со фонт со големина-12 и 70 карактери во ред.
Податоците за користената литература и прилозите не се дел од основниот текст.
Списокот на користената литература мора да содржи најмалку 15 наслови на книги и најмалку 15 наслови на други теориски трудови.
Постапката за одбрана на магистерскиот труд на студиската програма за музички науки се одвива на следниов начин:
- презентација на кандидатот од страна на менторот

- презентација на извештајот на комисијата од страна на претседателот на комисијата
- презентација на трудот од страна на кандидатот, која не смее да трае подолго од 25 минути
- прашања исклучиво од комисијата.

Член 23

Менторот е должен, во соработка со кандидатот да го организира просторот и начинот на презентација пред почетокот на одбраната.

Член 24

По завршувањето на одбраната на трудот, комисијата за одбрана на трудот јавно ја соопштува оцената на одбраната на магистерскиот труд.

Оценувањето се врши со две описни оценки: го одбранил магистерскиот труд и не го одбранил магистерскиот труд.

За текот на одбраната се води записник.

# ПРЕДМЕТНИ ПРОГРАМИ

| Прилог бр. 3 | Предметна програма од втор циклус на студии | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | **Балетска педагогија** | | | |
| 2. | Код | 2Б101 | | | |
| 3. | Студиска програма | Балетска педагогија | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | Факултет за музичка уметност – Скопје | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Втор циклус | | | |
| 6. | Академска година/семестар | I /1 | 7. | Број на ЕКТС кредити | 20 |
| 8. | Наставник | Вонр.проф.м-р Тања Вујисиќ-Тодоровска<br>Доц.д-р Снежана Филиповска<br>Доц.д-р Соња Здравкова-Џепароска<br>Доц.м-р Искра Шукарова<br>Доц.м-р Александра Мијалкова | | | |
| 9. | Предуслови за запишување на предметот | Нема | | | |
| 10. | Цели на предметната програма (компетенции):<br>Запознавање со актуелните состојби во балетската уметност и педагогија и истражувањатана полето на балетската педагогија, од областа на интерес на студентот, запознавање со истражувачките методи, како и сите останати достапни материјали кои се поврзани со широкиот спектар на теми што се однесуваат на балетската уметност и педагогија.<br>Стекнување продлабочени знаења за балетската педагогија и начините на нејзиното истражување (во областа на која се однесува темата или тезата). | | | | |
| 11. | Содржина на предметната програма:<br>Сумирање и евалуација на постоечките соодветни истражувања и примена на стекнатото знаење во областа на истражување и креација.<br>Развивање на професионалните вештини и способности за продлабочена теориска и историска анализа, со правилна организација и употреба на изворите и материјалите, фокусирана на централната тема или теза. Формулирање на прашањата, генерирање на истражувачки проект кој ќе резултира со нови решенија, интерпретација на проблемите или идеи. Изработка на елаборат кој ќе содржи наслов на темата, образложение за научната, уметничката и стручната оправданост на темата, план за работа и преглед на литература. | | | | |
| 12. | Методи на учење:<br>Индивидуална менторска работа со студентот, самостојна работа, истражувања, дискусии и консултации. | | | | |
| 13. | Вкупен расположив фонд на време | 20 ECTS x 30 часови = 600 часови | | | |
| 14. | Распределба на расположивото време | 30 + 570 = 600 часови | | | |
| 15. | Форми на наставните активности | 15.1 | Предавања-теоретска настава | 30 часови | |
| | | 15.2 | Вежби (аудиториски), семинари, тимска работа | / часови | |
| 16. | Други форми на активности | 16.1 | Проектни задачи | / часови | |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | / часови | |
| | | 16.3 | Домашно учење | 570 часови | |
| 17. | Начин на оценување | | | | |
| | 17.1. | Тестови | / бодови | | |
| | 17.2. | Семинарска работа/проект (презентација: писмена и усна) | / бодови | | |
| | 17.3. | Активност и учество | 10 бодови | | |
| | 17.4. | Завршен испит (писмен и | 90 бодови | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | устен дел) | |
| 18. | Критериуми за оценување (бодови/оценка) | до 50 бода | 5 (пет) (F) |
| | | од 51 до 60 бода | 6 (шест) (E) |
| | | од 61 до 70 бода | 7 (седум) (D) |
| | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) |
| | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) |
| | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| 19. | Услови за потпис и полагање на завршен испит | За потпис:<br>• Редовност на настава (не повеќе од 4 изостаноци)<br>За завршен испит:<br>• Потпис<br>• Изработен елаборатот за научно/уметничко-истражувачки проект. | |
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски | |
| 21 | Метод на следење на квалитетот на наставата | Самоевалуација | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 22. | Литература | | | | | |
| | Задолжителна литература | | | | | |
| | 22.1 | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Списокот на користената литература мора да содржи најмалку 5 наслови на книги и најмалку 5 наслови на други теориски трудови. | | | |
| | | 2. | | | | |
| | | 3. | | | | |
| | 22.2 | Дополнителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | | | | |
| | | 2. | | | | |
| | | 3. | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Прилог бр. 3 | Предметна програма од втор циклус на студии | | | | |
| 1. | Наслов на наставниот предмет | **Методологија на научното истражување** | | | |
| 2. | Код | 2И304 | | | |
| 3. | Студиска програма | МУЗИЧКИ НАУКИ<br>МУЗИЧКА ИНТЕРПРЕТАЦИЈА И КОМПОЗИЦИЈА<br>БАЛЕТСКА ПЕДАГОГИЈА | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | Факултет за музичка уметност - Скопје | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Втор циклус | | | |
| 6. | Академска година/семестар | I / 1 | 7. | Број на ЕКТС кредити | 8 |
| 8. | Наставник | Проф. д-р Димитрије Бужаровски<br>Доц. д-р Трена Јорданоска | | | |
| 9. | Предуслови за запишување на предметот | Нема | | | |
| 10. | Цели на предметната програма (компетенции):<br>Предметот го обработува научно-истражувачкиот процес од подготовка на елаборат, инструменти, операционализација во научен труд, обработка на податоци (квантитативни и квалитативни методи), коментирање на резултатите, користење и цитирање на литература. | | | | |
| 11. | Содржина на предметната програма:<br>Одредување на теориска дисциплина, дефинирањето на теоријата на музиката, поставување | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | основи на наука, запознавање со научните методи, одредување на фазите на научниот процес, поставување хипотеза, структурирање на елаборат и научен труд, користење и цитирање литература, квантитативни методи и квалитативни методи (избрани техники за анализа). | | | |
| 12. | Методи на учење: Интерактивна настава, дискусија, консултации | | | |
| 13. | Вкупен расположив фонд на време | 8ECTS x 30 часови = 240 часови | | |
| 14. | Распределба на расположивото време | 30 + 210 = 240 часови | | |
| 15. | Форми на наставните активности | 15.1 | Предавања-теоретска настава | 30 часови |
| | | 15.2 | Вежби (аудиториски), семинари, тимска работа | / |
| 16. | Други форми на активности | 16.1 | Проектни задачи | / |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | / |
| | | 16.3 | Домашно учење | 210 часови |
| 17. | Начин на оценување - нумеричко | | | |
| | 17.1. | Тестови | 90 бодови | |
| | 17.2. | Семинарска работа/проект (презентација: писмена и усна) | / | |
| | 17.3. | Активност и учество | 10 бодови | |
| 18. | Критериуми за оценување (бодови/оценка) | до 50 бода | 5 (пет) (F) | |
| | | од 51 до 60 бода | 6 (шест) (E) | |
| | | од 61 до 70 бода | 7 (седум) (D) | |
| | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) | |
| | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) | |
| | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) | |
| 19. | Услови за потпис и полагање на завршен испит | За потпис:<br>- редовно посетување на наставата (не повеќе од 3 отсуства)<br>За полагање завршен испит:<br>- потпис | | |
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски | | |
| 21 | Метод на следење на квалитетот на наставата | Анкетни листови, самоевалуација | | |
| 22. | Литература | | | |
| | Задолжителна литература | | | |

| 22.1 | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1. | Бужаровски, Димитрије | Истражувачки методологии, материјали подготвени од предметниот наставник | | 1990-2012 |
| | 2. | Buzarovski, Dimitrije | “Musicology and Ethnomusicology in the Digital Era” in: Contemporary Trends in Musicology and Ethnomusicology, The Struga | Skopje: IRAM | 2002 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Music Autumn | | |
| | | 3. | Colwell, Richard (ed.) | MENC Handbook of Research Methodologies | Oxford University Press | 2006 |
| | 22.2 | Дополнителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | | | | |
| | | 2. | | | | |
| | | 3. | | | | |

| Прилог бр. 3 | Предметна програма од вторциклус на студии | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | **Музичка литература на XX век** | | | |
| 2. | Код | 2И308 | | | |
| 3. | Студиска програма | Музички науки<br>Музичка интерпретација и композиција<br>Балетска педагогија | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | Факултет за музичка уметност - Скопје | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Втор циклус | | | |
| 6. | Академска година/семестар | I/1 | 7. | Број на ЕКТС кредити | 8 |
| 8. | Наставник | Проф.д-р Томе Манчев<br>Вон.проф.м-р Јана Андреевска-Димитровска<br>Доц. м-р Сони Петровски<br>Доц. м-р Дарија Андовска<br>Доц. д-р Горан Начевски | | | |
| 9. | Предуслови за запишување на предметот | нема | | | |
| 10. | Цели на предметната програма (компетенции):<br>Предметната програма има за цел кај студентите да создаде и развие професионална вештина за познавање и препознавање на основните музички стилови во XX век и нивниот развој преку творештвото на најзначајните композитори, значајни примери од музичката литература во повеќе жанри (оркестарска, концертантна, хорска, камерна, вокална, солистичка музика), запознавање на нивните композициски техники и естетско-стилски карактеристики. | | | | |
| 11. | Содржина на предметната програма:<br>Значајни автори во музиката на XX век. Развојот на музиката во XX век, стилски карактерстики и разлики. Значајни техники на компонирање претставени преку значајни дела на музиката во XX век. | | | | |
| 12. | Методи на учење: предавања, анализа на примери од музичката литература на час и дома, дискусии. | | | | |
| 13. | Вкупен расположив фонд на време | 8 ECTS x 30 часа = 240 часа | | | |
| 14. | Распределба на расположивото време | 30 + 100 + 110 = 240 | | | |
| 15. | Форми на наставните активности | 15.1 | Предавања-практична настава | 30 часови | |
| | | 15.2 | Вежби (аудиториски), семинари, тимска работа | / часови | |
| 16. | Други форми на активности | 16.1 | Проектни задачи | / часови | |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | 100 часови | |
| | | 16.3 | Домашно учење | 110 часови | |
| 17. | Начин на оценување - нумеричко | | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 17.1. | Тестови | /бодови |
| | 17.2. | Семинарска работа/проект (презентација: писмена и усна) | /бодови |
| | 17.3. | Активност и учество | 20 бодови |
| | 17.4. | Завршен испит | 80 бодови |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 18. | Критериуми за оценување (бодови/оценка) | до 50 бода | 5 (пет) (Ф) |
| | | од 51 до 60.9 бода | 6 (шест) (Е) |
| | | од 61 до 70.9 бода | 7 (седум) (Д) |
| | | од 71 до 80.9 бода | 8 (осум) (Ц) |
| | | од 81 до 90.9 бода | 9 (девет) (Б) |
| | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (А) |
| 19. | Услови за потпис и полагање на завршен испит | <u>За потпис:</u><br>- редовно посетување на наставата (не повеќе од 4 отсуства) | |
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | македонски | |
| 21 | Метод на следење на квалитетот на наставата | анкетни листови, самоевалуација | |
| 22. | Литература | | |

Задолжителна литература

| 22. 1 | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1. | Kohoutek, Z. | *Техники на компонирање во мјузиката на XX век* | Универзитет уметности у Београду | 1984 |
| | 2. | Lester, J. | *Analytic Approaches to Twentieth-Century Music* | W-W NORTON &COMPANY Inc. New York | 1989 |
| | 3. | Lee, Douglas A | *Masterworks of Twentieth-Century Music: The Modern Repertory of the Symphony Orchestra.* | New York: Routledge. | 2002 |
| | 4. | Morgan, Robert P | *Twentieth-Century Music: A History of Musical Style in Modern Europe and America.* | New York: W. W. Norton | 1991 |
| | 5. | Salzman, Eric | *Twentieth-Century Music: An Introduction*, 4th edition. | Upper Saddle River, NJ: Prentice Hall | 2002 |
| | 6. | | | | |

Дополнителна литература

| 22. | Ред. број | | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1. | Whitall, Arnold | *Exploring Twentieth-Century Music: Tradition and Innovation.* | Cambridge and New York: Cambridge University Press | 2003 |
| | 2. | | | | |
| | 3. | | | | |
| | 4. | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | **ЕЛИТНА И МАСОВНА КУЛТУРА** | | | |
| 2. | Код | КСИ 011 | | | |
| 3. | Студиска програма | Културолошки студии (во книжевноста) | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | Институт за македонска литература при УКИМ, Скопје | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Втор циклус | | | |
| 6. | Академска година / семестар | I / 1 | 7. | Број на ЕКТС кредити | **6** |
| 8. | Наставник | проф. д-р Александар Прокопиев | | | |
| 9. | Предуслови за запишување на предметот | нема | | | |
| 10. | Цели на предметната програма (компетенции):<br>- Да се усвојат знаења за етимолошката идентификација на поимите елитно и масовно во културата и нивното опстојување и преплетување низ историски;<br>- Да се усвојат знаења за нивно жанровко препознавање;<br>- Да се усвојат знаења за препознавање и анализа на поттикнувачките и анестетички дејства меѓу елитната и масовната култура;<br>- Да се стекнат знаења за препознавање на кичот, шундот и малограѓанштината во културата. | | | | |
| 11. | Содржина на предметната програма:<br>- Појмовна анализа: култура, елитно, масовно; филмот меѓу елитното и масовното; интермедиумски адаптации и трансмутации (литература-филм-ТВ);<br>- Културната политика во популаризација на културата – од музеите до фестивалите; урбаната култура и субкултурата (стрип, рок, панк);<br>- Артистот како sexy myth; кич, шунд;<br>- Уметничките групирања, манифести, движења како афирмација на елитноста vs. масовноста. | | | | |
| 12. | Методи на учење: предавања, вежби, изготвување на семинарски и пороектни задачи, дскусии | | | | |
| 13. | Вкупен расположив фонд на време | 180 часови | | | |
| 14. | Распределба на расположивото време | | | | |
| 15. | Форми на наставните активности | 15.1. | Предавања – теоретска настава | 9 часови | |
| | | 15.2. | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | 9 часови | |
| 16. | Други форми на активности | 16.1. | Проектни задачи | 30 часови | |
| | | 16.2. | Самостојни задачи | 60 часови | |
| | | 16.3. | Домашно учење | 72 часови | |
| 17. | Начин на оценување/ завршен испит | | | | |
| | 17.1. | Тестови | 60 бодови | | |
| | 17.2. | Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна) | 30 бодови | | |
| | 17.3. | Активност и учество | 10 бодови | | |
| 18. | Критериуми за оценување (бодови / оценка) | до 50 бода | 5 (пет) (F) | | |
| | | од 51 до 60 бода | 6 (шест) (E) | | |
| | | од 61 до 70 бода | 7 (седум) (D) | | |
| | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) | | |
| | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) | | |
| | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) | | |

<table>
<tr><td>19.</td><td colspan="2">Услов за потпис и полагање на завршен испит</td><td colspan="4">предадена семинарска работа</td></tr>
<tr><td>20.</td><td colspan="2">Јазик на кој се изведува наставата</td><td colspan="4">македонски</td></tr>
<tr><td>21.</td><td colspan="2">Метод на следење на квалитетот на наставата</td><td colspan="4">евалуација (самоевалуација и надворешна евалуација)</td></tr>
<tr><td rowspan="12">22.</td><td colspan="6">Литература</td></tr>
<tr><td rowspan="5">22.1.</td><td colspan="5">Задолжителна литература</td></tr>
<tr><td>Ред. број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Hauzer, Arnold</td><td>Sociologija umjetnosti, I,II</td><td>Skolska knjiga, Zagreb</td><td>1986</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Dolo, Luj</td><td>Individualna i masovna kultura</td><td>Clio, Beograd</td><td>2000</td></tr>
<tr><td>3.</td><td>Moren, Edgar</td><td>Duh vremena</td><td>BIGZ, Beograd</td><td>1979</td></tr>
<tr><td rowspan="5">22.2.</td><td colspan="5">Дополнителна литература</td></tr>
<tr><td>Ред. број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Svensen, Lash</td><td>Filozofija mode</td><td>Cigoja stampa, Beograd</td><td>2004</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Глен Џордан, Крис Ведон</td><td>Културна политика</td><td>Темплум, Скопје</td><td>1999-2000</td></tr>
<tr><td>3.</td><td>Englund, Peter</td><td>Male istorije</td><td>Clio, Beograd</td><td>2009</td></tr>
</table>